РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-526/6
22-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35-та седница одржана на ден 16.07.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот оформен по пријава број 12-1329/1 од 16.04.2025 година и кон него споен предмет број 12-1983/1 од 16.07.2025 година и предмет број 12-1782/1 од 20.04.2026 година, во кои се изнесени наводи за сомневање за незаконско издавање на одобрение за градби во населбата „7-ми Ноември“ во ----------- и се бара вршење на итна ревизија на постапките во кои се издадени истите, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај поради тоа што нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата бидејќи од страна на подносителот на пријавата не е постапено по барањето на ДКСК и не се доставени бараните информации со прилог документација со кои би се конкретизирале пријавените наводи.

Предметот со број 12-1329/1 од 16.04.2025 година и кон него спoените предмети број 12-1983/1 од 16.07.2025 година и број 12-1782/1 од 20.04.2026 година, да се затвораат и да се архивираат.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 16.04.2025 година до ДКСК доставена е пријава, по која е оформен предмет бр.12-1329/1 од 16.04.2025 годи, во која подносителот изнесува наводи за сомневање за незаконско издавање на одобрение за градби во населбата „7-ми Ноември“ во ------------ и бара вршење на итна ревизија на постапките во кои се издадени истите. Во пријавата се наведува дека во споменатата населба се градат објекти без почитување на стандарди и правила за градење, како и без овозможување на услови за пристапување на возилата на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

противпожарните и медицинските итни служби до населбата, во случај на несреќен случај на жителите на населбата.
Заради постапување и одлучување на ДКСК во единствена постапка, кон предметот се споени два предмети оформени по пријава заведена под број 12-1983/1 од 16.07.2025 година и пријава број 12-1782/1 од 20.04.2026 година, од причина што истите се оформени со иста фактографија на предметни наводи и пријавите се поднесени од истиот подносител.

Со цел утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК достави барање за доставување на информации до Општина ----------- - Одделение за инспекциски надзор. Постапувајќи по барањето на ДКСК, Инспекторатот извести дека Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште при Општина -----------, не е во можност да постапи по барањето на ДКСК за вршење на вонреден инспекциски надзор по однос на издавање на Одобренија за градење во период од месец јануари-октомври во 2025 година во наслбата „7-ми Ноември“ во --------------, од причина што недостасуваат податоци за катастарските парцели и катастарските општини на кои се наоѓаат пријавените нелегални градби, како и да се наведат инвеститорите на заедничките станбени објекти А2, за да може општинскиот градежен инспектор да постапи согласно своите законски надлежности.

ДКСК побара од подносителот на пријавата да ја дополни пријавата со конкретни податоци и информации за катастарските парцели и катастарските општини на кои се наоѓаат пријавените нелегални градби и да се наведат инвеститорите на заедничките станбени објекти. Од страна на подносителот не се доставени бараните податоци.
Дополнително на ден 12.05.2026 година ДКСК достави ургенција до подносителот на пријавата на која е одговорено дека поради тоа што тој се наоѓа во странство нема можност да обезбеди дополнителна конкретна документација.

Имајќи го предвид сето погоре наведеното, ДКСК утврди дека нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата бидејќи од страна на подносителот на пријавата не е постапено по барањето на ДКСК и не се доставени бараните информации со прилог документација со кои би се конкретизирале пријавените наводи.
Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК